SONY

# Упатство за брз почеток

Како да го инсталирате испорачаниот софтвер
Како да го користите “WALKMAN”

NWZ-W273S/W274S

Пристапете кон онлајн Help Guide (Целосна верзија).
http://rd1.sony.net/help/dmp/nwzw270s/en/

**За ова упатство**

Во ова Упатство за брз почеток објаснети се само основните инструкции и како да го инсталирате испорачаниот софтвер.
За подетални информации и инструкции за работата, видете во Help Guide (HTML документ) кој е вклучен во испорачаниот софтвер откако ќе го инсталирате.

*4476039 12* (1)

©2013 Sony Corporation

4-476-039-12(1)

## Содржина

Проверете ги деловите во пакетот.

□ “WALKMAN” (1)



□ USB приклучок (1)



□ Јастучиња за слушалки (1 комплет)
□ Слушалки за пливање (1 комплет)
□ Рачка за прилагодување (1)
□ Упатство за брз почеток (ова упатство)

## За оперативниот систем

Проверете дали OS е Windows XP*1 (Сервисен пакет 3 или понов), Windows Vista*2 (Сервисен пакет 2 или понов), Windows 7*2 (Сервисен пакет 1 или понов) или Windows 8.

*1 Со исклчок на 64-bit берзии на Оперативен систем.
*2 [Compatibility mode] за Windows XP не е поддржано.

За Мекинтош компјутер проверете дали OS е Mac OS X v10.6 или понов.
Други ОС не се поддржани освен горенаведените.

## Прикачување на Walkman во USB приклучок (Испорачан) и полнење на батеријата

Walkman да го приклучите на компјутер мора да биде правилно поврзан во USB приклучокот.




**1** Ако е потребно исушете ги терминалите на Walkman (1) со сува мека ткаенина.

**2** Прикачете го Walkman во USB приклучок.

Проверете дали терминалите на Walkman (1) и USB приклучокот (2) се поврзани едни со други.

**3** Поврзете го Walkman во вклучен компјутер преку USB приклучокот.

- Ако се прикаже екран со презентација за избор на активности, допрете “Cancel.” Полнење почнува.
- Проверете дали OPR индикаторот на USB приклучокот свети црвено.




### Забелешки за полнењето со помош на компјутер

- Батеријата се полни кога OPR индикаторот трепка непрекинато црвено.
- Додека батеријата се полни, OPR индикаторот го прикажува статусот на полнење на Walkman.
  Статусот на OPR индикаторот може да го гледате преку прозорот на OPR индикаторот на USB приклучокот.
  Свети црвено: Се полни
  Исклучено: Целосно наполнето или не се полни
- Времето на полнење е приближ. 1.5 час.
  Кога Walkman целосно е наполнет, исклучете го од компјутер.
  За Мекинтош компјутер, допрете на иконата за исфрлање на [WALKMAN] во страничната лента на Finder за исклучување на Walkman.
- Walkman нема да се полни ако компјутерот се префрли во режим на заштеда на енергија како на пр. Sleep или Hibernate и во овој случај ќе се испразни.
- Кога Walkman го употребувате за прв пат или не сте го користеле подолго време, ќе потрае некое време пред компјутерот да го препознае дури и ако полнењето веќе е почнато (OPR индикаторот светнува црвено). Проверете дали компјутерот ќе го препознае Walkman за околу 5 минути откако ќе го поврзете во компјутерот.

## Како да го инсталирате испорачаниот софтвер

### Инсталирајте ги WALKMAN Guide и Media Go (за Windows)

**1** Поврзете го Walkman во вклучен компјутер преку USB приклучок (испорачан).

**2** Изберете го следниот редослед преку компјутер.

- Windows 7 или понов: Изберете [Start] – [Computer] или [My Computer] – [WALKMAN] – [Storage Media] – [FOR_WINDOWS].
- Windows 8: Изберете [Desktop] од [Start screen] да отворите [File Explorer]. Во листата [Computer], изберете[WALKMAN] – [Storage Media] – [FOR_WINDOWS].

**3** Со двоен клик на [Setup.exe].

Се прикажува водич за инсталирање.
- Кога ќе направите [Setup.exe], [Setup.exe] фајлот што е зачуван во [FOR_WINDOWS] папка на Вашиот Walkman се копира на компјутер како резервна копија и WALKMAN Guide и Media Go се инсталираат на компјутер.
- Ако [Setup.exe] не почне со работа, ископирајте го фајлот [Setup.exe] на десктоп и допрете со двоен клик.

**4** Следете ги инструкциите на екранот.

Откако инсталирањето ќе заврши, на десктопот од компјутерот се прикажуваат икони за WALKMAN Guide и Media Go.
Help Guide е вклучен во WALKMAN Guide.

### Инсталација на Help Guide и Content Transfer софтвер (за Mac)

**1** Поврзете го Walkman во вклучен компјутер преку USB приклучок (испорачан).

**2** На компјутер изберете [WALKMAN] на страничната лента на Finder, потоа отворете ја папката [FOR_MAC].

**3** Со двоен клик на инсталираната икона на софтверот:

За инсталирање Help Guide:[Help_Guide_Installer_for_Mac]

За инсталирање Content Transfer софтвер: [ContentTransfer. pkg]

**4** Следете ги инструкциите на екранот.

Откако инсталацијата ќе заврши, на декстоп од компјутерот се прикажува икона на инсталираниот софтвер (Help Guide или Content Transfer софтвер).

**Совет**

- Пред да се обидете да го избришете софтверот од Walkman, направете копија од [FOR MAC] папката на Мекинтош компјутер како резервна копија.

## Делови и контроли




1 **Сензибилна точка**
2 **Околувратник**
3 **Слушалки**
4 **Дел за слушалки**
5 **P.LIST (Плеј листа)/ SHUF (Shuffle) копче**
6 **VOL +*1/– копче**
7 **Терминали**
8 **OPR (Работа) индикатор**
9 **Прекинувач за заклучување**
10 **⏻ (Power) копче**
11 **Претходно**
12 **Следно**
13 **RESET копче**
14 **►II копче*1**

*1 Тука има сензибилна точка. Користете ги при работа со копчињата.

## За јачина на звук (Само за земји/подрачја кои се во согласност со Европските директиви)

Аларм (бип) и предупредување “Проверете го нивото на звук” наменети се за заштита на Вашите уши при зголемување на тонот над одредено ниво*[1].

Алармот и предупредувањето може да ги откажете допирајќи на кое било копче.

**Забелешка**

- Можете да го појачате тонот над одреденото ниво*[1] по откажување на алармот и предупредувањето.
- По првичното предупредување, алармот и предупредувањето се повторуваат на секои 20 часа дека тонот е дотеран над одреденото ниво*[1]; кога ќе се случи ова тонот автоматски се менува во ниво [7].
- Ако тонот е дотеран над одреденото ниво*[1] и го исклучите Walkman, тонот автоматски се враќа во одреденото ниво*[1].

*[1] Одредено ниво = [18]

## Како да ги инсталирате јастучињата на слушалките

Да уживате во подобар валитет на звук или подобро да ги наместите сменете ја големината на јастучињата за слушалките или позицијата на јастучињата прилагодете ја да може лесно и удобро да се вклопат во Вашите уши. Јастучињата за слушалки може да купите од најблиската Sony продавница.

- Инсталирајте ги јастучињата на слушалките така што врвот на внатрешниот дел од јастучињата B да одговараат на A позицијата на испакнатиот дел на слушалките.
- Проверете дали јастучињата правилно се прикачени, не ги поставувајте накриво, да спречите при вадење на јастучињата да не останат во ушите.




# Како да го вклучите и поставите Walkman на Вашите уши

1 **Проверете го левиот (L) и десниот (R) дел на Walkman.**

2 **Лизгајте го Прекинувачот за закочување на напојувањето да се отклучи ⏻ (Power) копчето.**

3 **Допрете и држете на ⏻(Power) копчето поставено на десниот (R) дел околу 3 секунди за да се вкучи Walkman.**



4 **Закачете го околувратникот на врвот од увотои зад увото.**

5 **Слушалката ставете ја во ушите.**

6 **Прилагодете го Walkman да ви биде пријатно.**




**Забелешка**

- Ако не се чувствувате удобно со Walkman заменете ги јастучињата за слшалки. Видете во “Како да се инсталираат јастучиња за слушалки.”

### За спречување на Walkman од ненадејно излетување од Вашите уши

Прикачете ја испорачаната рачка за прилагдување на околувратниот пред да го прикачите Walkman.



**Забелешка**

- По носење на Walkman со прикачена рачка за прилагодување, прилагодете ја позицијата на рачката во позиција во која ќе се чувствувате удобно.

### Совет

- Ако Walkman излезе надвор од ушите додека пливате, стабилизирајте ја рачката за прилагодување со помош на рачката на очилата за пливање.

### Вадење на Walkman

Нежно мрдајте го Walkman нагоре и надолу да ги извадите од ушите.



**Забелешка**

- Ненадејно вадење на Walkman кога јастучињата за слушалките цврсто се прикачени на ушите може да си ги оштетите ушите или ушното тапанче или пак јастучето може да остане внатре во увото.

# Репродукција на музика




### Вклучување и исклучување на Walkman

Допрете и држете на⏻ (Power) копчето околу 3 секунди за вклучување и исклучување на Walkman.
Откако напојувањето ќе се исклучи повлечете ја рачката за заклучување да го заклучите ⏻ (Power) копчето.

**Забелешка**

- При носење на Walkman,проверете го Прекинувачот за заклучување да го заклучите ⏻ (Power) копчето да спречите Walkman ненадејно да не се вклучи.

### Репродукција на песни

Допрете на копчето ▶II.

### Паузирање репродукција

Допрете на копчето ▶II.

### Прескокнување на претходна/следна песна

Допрете на копчето за Претходно или Следно.

# Проблеми и можни решенија

Ако Walkman не работи како што треба, обидете со следните чекори да го решите проблемот.

1 **Најдете ги симптомите на проблемот во “Проблеми и можни решенија” во Help Guide (HTML документ) и обидете се со наведените корекции.**

За детали за проблемот видете во табелата и поправете го.

2 **Допрете на RESET копчето со пенкало или остар предмет.**

При ресетирање на Walkman, обрнете внимание на следното.

- Walkman да не е поврзан со компјутер.
- Walkman да не репродуцира музика.




| Симптом | Причина/Поправка |
|---|---|
| Компјутерот не го препознава Walkman. | • Walkman не е приклучен правилно во USB приклучокот (испорачан). → Цврсто и правилно прикачете го Walkman во USB приклучокот. Полнењето ќе почне (OPR интикаторот светнува црвено) дури и поврзувањето ако не е направено правилно, но има можност компјутерот да не го препознае Walkman. Во овој случај, извадете го Walkman од USB приклучокот и повторно прикачете го.<br>• Преостанатата батерија е мала или не е доволна. → Наполнете ја батеријата. Кога за прв пат го користите Walkman или не сте го користеле долго време, може да требаат неколку минути за компјутерот да го препознае, дури и ако полнењето веќе е почнато (OPR индикаторот светнува црвено). По поврзувањето со компјутерот за околу 5 минути проверете дали компјутерот го препознал Walkman. |
| Компјутерот не го препознава Walkman. | • На компјутерот работи друг софтвер различен од тој што се користи за префрлање. → Откачете го USB приклучокот и почекајте неколку минути и потоа повторно приклучете го. Ако проблемот се уште постои, исклучете го USB приклучокот, рестартирајте го компјутерот и потоа повторно приклучете го USB приклучокот. |
| Кога ќе допрете на [Setup.exe] за инсталирање на испорачаниот софтвер на Windows компјутер, [Setup.exe] не се извршува и се отвара прозор Properties. | • Инсталирајте го испорачаниот софтвер откако ќе инсталирате Windows Media Player 11 или понов на Windows компјутер. За детали за Windows Media Player, видете на следната веб страна: http://support.microsoft.com/ |
| При репродукција на песна, следната песна одеднаш почнува. | • Walkman може да е дотеран во ZAPPIN режим на репродукција. За детали видете во Help Guide. |

# Мерки на претпазливост

**За слушалки за во уво**

Јастучињата за слуушалки ги запечатува вашите уши. Затоа, бидете свесни дека има ризик од оштетување на ушите или ушното тапанче ако се створи јак притисок или јастучињата ненадејно се извадат од ушите. При вадење на Walkman, бавно движете го Walkman нагоре и надолу. Нежно извадете го Walkman од Вашите уши.

**За слушалките**

- Избегнувајте репродукција на гласна музика подолго време бидејќи може да го оштетите слухот.
- При голема јачина надворешните звуци нема да се слушаат. Избегнувајте слушање на места каде што слушањето не смее да биде спречено, на пр. при возење автомобил или велосипед.
- Бидејќи слушалките се од отворен тип на слушалки, звуците се слушаат низ слушалките. Запомнете да не ја вознемирувате околината окиолу вас.

**Забелешки за Лиценци и Заштитни знаци**

Видете во Help Guide (HTML документ).

**Запис за сопственикот**

Моделот и серискиот број се поставени на задниот дел од плеерот. Запишете ги во обезбедениот простор продолу. Секогаш кога се обраќате во продавницата на Sony во врска со овој производ видете ги овие броеви.

Бр. на модел. ____________________

Сериски бр.______________________

## За најнови информации

Ако имате било какви прашања или проблеми со овој производ, или барате информација за предмети компатибилни со овој производ, посете ги следните веб страни.

За потрошувачите во САД:
http://www.sony.com/walkmansupport
За потрошувачите во Канада:
http://www.sony.ca/ElectronicsSupport/
За потрошувачите во Латинска Америка:
http://www.sony-latin.com/index.crp
За потрошувачите во Европа:
http://support.sony-europe.com/dna/wm/
За потрошувачите во Азија, Океанија и Африка:
Англиски: http://www.sony-asia.com/support
Корејски: http://scs.sony.co.kr/walkman/
Поедноставен кинески: http://service.sony.com.cn/KB/
Традиционален кинески: http://service.sony.com.tw/
За потрошувачите кои моделите ги купиле во странство:
http://www.sony.co.jp/overseas/support/